# ИЛИНДЕН

ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА




Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ


ГОДИНА XIV БРОЈ 70 ТИРАНА - АЛБАНИЈА www.vesnik-ilinden.com ISSN 2522-4514 ОКТОМВРИ/ДЕКЕМВРИ 2025 ГОДИНА


Во овој број


Страница 2

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЌЕ БИДЕ ДОМАЌИН НА СЛЕДНИОТ СЕМИНАР НА РАБОТНАТА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ЕВРОПА ПРИ ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ЈА ВРАЧИ НАГРАДАТА “ИЛИНДЕН” НА ЛОРАНТ ВИНЦЕ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФУЕН

ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН), НА 69-ОТ КОНГРЕС ЕДНОГЛАСНО УСВОИ РЕЗОЛУЦИЈА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Страница 3

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО СВОЈ ШТАНД НА КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО БОЛЗАНО, ИТАЛИЈА

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ВО РАМКИТЕ НА ФУЕН КОНГРЕСОТ УЧЕСТУВАШЕ НА СОСТАНОК НА РАБОТНА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИ МАЛЦИНСТВА

Страница 4

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА МУ ЧЕСТИШАШЕ НА ВМРО-ДПМНЕ ЗА ГОЛЕМАТА ПОБЕДА НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ

ЧЕСТИТКА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПО ПОВОД 22-РИ НОЕМВРИ – ДЕНОТ НА АЛБАНСКАТА АЗБУКА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА МУ ГО ЧЕСТИТАШЕ ИЗБОРОТ НА НИКО ПЕЛЕШИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА АЛБАНИЈА

ДЕМАНТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА: НАПАДИТЕ ВРЗ НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СЕ ДЕЛ ОД ПОШИРОКА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАМОЛЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

Страница 5

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ НА СРЕДБАТА СО НИКЧЕВСКИ, ДИРЕКТОР НА НАЦИОНАЛНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - СКОПЈЕ

Страница 6

МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГИ ОСУДУВА ОБИДИТЕ НА СОФИЈА СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖИТЕЛИТЕ ВО ОБЛАСТА ПРЕСПА

ПОЧИНА СЛАВИЦА ГАЏОВА СВИДЕРСКА, ПРОФЕСОРКА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ЛЕКТОРАТОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТИРАНА (1984-2025)

Страница 7

ТЕЛЕГРАМА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СО СОЧУСТВО ДО СЕМЕЈСТВОТО НА СЛАВИЦА ГАЏОВА СВИДЕРСКА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОБИ ВЕРСКИ КАЛЕНДАРИ ОД МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА

МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА: НЕМА ДА ЗАМОЛЧИМЕ ПРЕД БУГАРСКИТЕ МАНИПУЛАЦИИ

Страница 8

ЃУРЃАЈ: ИЗВЕШТАЈОТ НА ФУЕН Е ДЕСЕТГОДИШЕН ТРУД НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА

Страница 9

АВАНТУРИСТИЧКИ ПАРК ВО СТУДЕНО ОБЛАСТА ГОЛО БРДО НОВ ЧЕКОР ЗА ТУРИСТИЧКО ОЖИВУВАЊЕ НА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО

Страница 10

ЗА ДЕВЕТ МЕСЕЦИ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ – ТРЕБИШТЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО МИНАЛЕ 36.938 ПАТНИЦИ ИЛИ 9 ОТСТО ПОВЕЌЕ СПОРЕДЕНО СО ЛАНИ

ПОЧНА СО РАБОТА СПЕЦИЈАЛНАТА СОБРАНИСКА КОМИСИЈА “ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНА РЕФОРМА“



Македонски весник „Илинден“

СЛЕДЕТЕ НÈ


# ЈУБИЛЕЈНО ИЗДАНИЕ



# BOTIMI JUBILE

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЌЕ БИДЕ ДОМАЌИН НА СЛЕДНИОТ СЕМИНАР НА РАБОТНАТА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИТЕ МАЛЦИНСТВА ВО ЕВРОПА ПРИ ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ



Македонското друштво “Илинден“-Тирана, догодина ќе биде домаќин на Семинарот на работната група на словенските малцинства во Европа при Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

Ова едогласно е одлучено на 28. Семинар на работната група на словенските малцинства што се одржа во Горица, Италија, каде учествуваше Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.

„Ова е многу значаен, би го оценил историски ден за Македонците во Република Албанија. Нашето Друштво за првпат во историјата на Македонците во Албанија во 2026 година, ќе биде организатор и домаќин, на Семинарот на работната група на словенските малцинства (АГСМ) при ФУЕН, настан што се одржува секоја година во различен регион со словенско малцинство во Европа. За нас тоа е голема чест и секако вреднување на нашата активност“ - изјави Ѓурѓај за македонски весник “Илинден”.

Работната група е основана во 1996 година, а во неа членуваат 33 асоцијации од цела Европа. Македонското друштво “Илинден“-Тирана на 16 мај 2015 година стана полноправна членка на Федералната унија на европските националности (ФУЕН), со што стана и дел од оваа гупа.

На Семинарот и оваа година биле презентирани извештаи за моментната состојба на словенските малцинства во Европа, а биле договорени и идните активности на работната група. Во тие рамки Ѓурѓај презентираше Извештај за положбата на Македонците во Република Албанија и проблемите што ги застегат, како и на активностите на Друштво.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ЈА ВРАЧИ НАГРАДАТА “ИЛИНДЕН” НА ЛОРАНТ ВИНЦЕ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФУЕН




Претседателот на Македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај, на 25 октомври 2025 година му ја врачи почесната награда “Илинден” на Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европските националности (ФУЕН).

Почесната награда ”Илинден” за 2025 година ѝ беше доделена на Федералната унија на европските националности за заложбите и поддршката што ја дава за Македонците во Република Албанија.

Во оваа прилика, Никола Ѓурѓај истакна: „Огромна чест ми е во име на Друштвото и на македонско национално малцинство во Република Албанија лично да му ја предадам на почитуваниот Лорант Винце, претседател на ФУЕН, почесната награда ”Илинден” доделена на ФУЕН за оваа година“.

## ГЕНЕРАЛНОТО СОБРАНИЕ НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ (ФУЕН), НА 69-ОТ КОНГРЕС ЕДНОГЛАСНО УСВОИ РЕЗОЛУЦИЈА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА



Со усвоената Резолуција, Федералната унија на европските националности (ФУЕН) ја повикува Република Албанија, Комитетот за малцинства кој е владин орган, да се трансформира во Министерство за национални малцинства. Исто така ја повикува албанската влада да ја ратификува европската карта за регионалните малцински јазици.

Според Ѓурѓај, на Конгресот учествуваат претставници на автохтоните национални малцинства, националности и јазични групи од цела Европа. Конгресот се фокусира на

дискусии за актуелните случувања во политиката на малцинствата, средбите со регионот домаќин и неговите модели за заштита на малцинствата, како и идниот развој на ФУЕН.

Конгресот се одржа во Болзано, Јужен Тирол, Италија, а Македонско друштво "Илинден"-Тирана веќе десет години е рамноправна членка на ФУЕН и редовно учествува на Конгреси на кои поднесува Резолуции за положбата и правата на македонското малцинство во Албанија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА СО СВОЈ ШТАНД НА КОНГРЕСОТ НА ФУЕН ВО БОЛЗАНО, ИТАЛИЈА

Македонското друштво "Илинден"-Тирана со свој штанд се претстави на 69. Конгрес на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) што се одржа во италијанскиот град Болзано.

Во рамки на активностите на овој значаен собир, со свој штанд се претстави и Македонското друштво „Илинден" - Тирана.

„Имавме македонска домашна ракија, ајвар, лепче, потоа пропаганден материјал на кој се претставени македонските носии, убавините на областите каде што живеат Македонците, како и примероци од весникот "Илинден". Нашиот штанд побуди голем интерес кај учесниците, кои го посетија во голем број" - изјави за македонски весник "Илинден" Никола Ѓурѓај, претседател на Друштвото.







**Фото: Г-дин Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европски националности и пратеник во Европскиот Парламент, со г-дин Бернд Фабритиус комесар на Сојузната влада на Германија за прашања поврзани со етничките германски преселници и националните малцинства во Сојузна Република Германија го посети штанд на Македонско друштво "Илинден" - Тирана во рамките на Конгресот на ФУЕН во Болзано, Италија**

Во рамките на Конгресот, претставниците на другите малцинствата од Европа имаа можност на своите штандови да се претстават со пропаганден материјал и специјалитети од нивните национални кујни. Македонското друштвото "Илинден"-Тирана со продуктите на својот штанд ја презентираше пијалоци, како и специјалитети карактеристични за македонската кујна.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ВО РАМКИТЕ НА ФУЕН КОНГРЕСОТ УЧЕСТУВАШЕ НА СОСТАНОК НА РАБОТНА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИ МАЛЦИНСТВА




Претседателот на македонско друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај во рамките на ФУЕН конгресот во Болзано во Јужен Тирол, Италија учестуваше на работен состанок на Работна група на словенски малцинства (АГСМ) при Федералната унија на европските националности (ФУЕН). Во групата на словенските малцистава од Европа се 32 организаци, рамноправни членки на ФУЕН.

Освен активното учество на Конгресот што се одржа во Болзано во Јужен Тирол, Италија, претседателот на Друштвото Ѓурѓај учествуваше и на состанок на работна група на словенските малцинства, при ФУЕН. Разговарано беше за проблемите на словенските малцистава во Европа. Секој од учесниците имаше кратка презентација и околу проблемите што Македонците ги имаат во Албанија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА МУ ЧЕСТИШАШЕ НА ВМРО-ДПМНЕ ЗА ГОЛЕМАТА ПОБЕДА НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ




Претседателот на македонското друштво “Илинден”-Тирана Никола Ѓурѓај, упати честитка до претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски за изборниот успех на локалните избори.

Во честитката се вели: „Дозволете ми во мое лично име и во име на македонското друштво “Илинден”-Тирана и во името на Македонците во Албанија, да Ви ја честитаме големата победа на ВМРО-ДПМНЕ на Локалните избори 2025 година.

Татковината Македонија уште еднаш ја покажа својата зрелост со одржувањето на мирни и демократски избори. Македонските граѓани одбраа кој ќе ги води македонските општини во наредните четири години“.

## ЧЕСТИТКА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПО ПОВОД 22-РИ НОЕМВРИ – ДЕНОТ НА АЛБАНСКАТА АЗБУКА




Македонското друштво “Илинден“-Тирана, Ви го честита 22-ри Ноември – Денот на Албанската азбука, делегатите на Битолскиот конгрес во 1908 година донеле одлуки за унифицирање на Албанската азбука.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА МУ ГО ЧЕСТИТАШЕ ИЗБОРОТ НА НИКО ПЕЛЕШИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОБРАНИЕТО НА АЛБАНИЈА

Македонското друштво “Илинден“-Тирана, од име на македонското национално малцинство во Република Албанија, му го честиташе изборот, за претседател на парламентот, на Нико Пелеши, кој често кажува дека „македонската заедница е прекрасна, вредна и почитувана заедница, што е додадена вредност во мозаикот на културните, историските, етнографските и јазичните вредности во Албанија“.



Во честитката се вели: „Дозволете ми, во име на Македонското друштво “Илинден“-Тирана, во мое лично име, како и во име на македонското национално малцинство во Република Албанија, да ви гочеститаме изборот на функцијата претседател на Собранието на Република Албанија и да ви посакаме успех. Македонското национално малцинство во Република Албанија ве поддржува безрезервно и е убедено во вашиот успех. Веруваме, се додава, дека со вашето водство на Собранието ќе помогнете во подобрувањето на правата на македонското национално малцинство во Република Албанија“.

## ДЕМАНТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА: НАПАДИТЕ ВРЗ НИКОЛА ЃУРЃАЈ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СЕ ДЕЛ ОД ПОШИРОКА СТРАТЕГИЈА ЗА ЗАМОЛЧУВАЊЕ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА



Нападите врз Никола Ѓурѓај, Претседател на Македонско друштво “Илинден”-Тирана се дел од поширока стратегија за замолчување на Македонците во Република Албанија. Македонско друштво “Илинден”-Тирана упатува најостра реакција до така наречен портал burevestnik.bg бидејќи неговите пишувања се дел од медиумската стратегија за притисок врз Македонците во Република Албанија.

Тоа е обид да се замолчи вистината и да се покрие вистинската асимилаторска политика на Софија кон Македонците во Република

Албанија од страна на бугарските емисари. Со лажни информации се напаѓа Никола Ѓурѓај, претседател на Македонско друштво "Илинден"-Тирана.

Тоа претставува класичен пример на медиумска манипулација во насока на дискредитација на личноста и работата на г-дин Никола Ѓурѓај, а не информација за информирање. Секој кој малку се разбира од ваквите текстови ќе добие одлична прилика да се забавува со хумор напишан во некоја бугарска канцеларија.

Во самиот наспис „Бугарскиот прстен околу Македонија – Македонците во паника – Бугарија го топи нивното население на два фронта"

Текстот е политички памфлет со јасна цел за оцрнување на г-дин Никола Ѓурѓај, како преседател на Македонското друштво "Илинден"-Тирана. Затоа, најостра го осудуваме вакво однесување на таканаречениот портал кој потекнува од држава членка на ЕУ.

Имајќи ја предвид целта на ЕУ за неширење на лажни информации, цениме дека вакви портали не би можеле да се регистрираат, а камо ли да опстојуваат во ЕУ држава. Но, тоа е Бугарија каде се е можно. Очигледна и јасна е антимакедонска мисија на бугарските емисари сред Македонците во Албанија.

Како заштитници на македонскиот национален идентитет во Република Албанија, Македонското друштво "Илинден"-Тирана ќе ги информира сите релевантни институции и истовремено ги повикува институциите во Република Албанија да преземат конкретни мерки за заштита на албанските државјани со македонско потекло.

Во оваа прилика посочуваме и на фактот, премолчуван од така наречен портал, дека на сите пописи на населението во Република Албанија од нејзината независноста на 28 ноември 1912 година до 2022 госина ниту еден жител на Република Албанија не се декларирал како Бугарин.

Спротивно на сите пописи на населението во Република Албанија то 2017 година со уцени по европската иднина на Република Албанија, беа внесени Бугари во Законот за малцинства.

Истовремено, на така наречениот портал му порачуваме да ги чита и Резолициите на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) каде што се осудуваат обидите на бугарската држава со кои Македонците во Република Албанија се обидува да ги прикаже како Бугари. При тоа и дека Бугарија како држава има пракса не ги почитува меѓународните инситуци.

https://www.fuen.org/fileadmin/user_upload/congress_2018/FUEN_Resolutions_2018.pdf

Бараме меѓународната заедница од својата членка, Бугарија, да побара почитување на нашето основно човеково право да се декларираме како Македонци и да престане со ширењето на лаги и говор на омраза кон сите кои се декларираат како Македонци.

**Г-дин Незир Меча, потпретседател на Македонско друштво "Илинден"-Тирана**

**Г-дин Фатри Фетаху, координатор на Македонско друштво "Илинден"-Тирана за областа Голо Брдо**

**Г-ѓа Сабина Џелили, координатор на Македонско друштво "Илинден"-Тирана за Округот Елбасан**

**Г-дин Ламбе Шатровски, координатор на Македонско друштво "Илинден"-Тирана за татковината Македонија**

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО "ИЛИНДЕН"-ТИРАНА, ЃУРЃАЈ НА СРЕДБАТА СО НИКЧЕВСКИ, ДИРЕКТОР НА НАЦИОНАЛНАТА И УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ - СКОПЈЕ

Претседателот на македонското друштво "Илинден"-Тирана, Никола Ѓурѓај на 31 октомври 2025 година оствари средбата со Јовица Никчевски, директор на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"-Скопје, Македонија. Во таа прилика се разговарало околу поддршката што Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски"- Скопје може да ја даде за Друштвото и унапредувањето на соработката во областа на културата.



„Чест и задоволство ми беше што имав срдечна средба со Јовица Никчевски, директор на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“-Скопје. На работната средба беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на Македонското национално малцинство во Република Албанија.

На Никчевски во името на Македонско друштво “Илинден“-Тирана му подарив копи од Македонски весник “Илинден“, и брошура на македонски јазик кој беше за првпат објавено од Федералната унија на европските националности, на македонски јазик и разгледницата „Народни носии на Македонците во Албанија“ - рече Ѓурѓај.

## МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ГИ ОСУДУВА ОБИДИТЕ НА СОФИЈА СО ЗЛОУПОТРЕБА НА ЗДРАВЈЕТО НА ЖИТЕЛИТЕ ВО ОБЛАСТА ПРЕСПА



Македонското друштво “Илинден“-Тирана најостро ги осудува обидите на Софија со злоупотреба на здравјето на жителите во областа Преспа.

На 26 септември 2025 се направени прегледи од страна на бугарски лекари и во самите слики се гледа бугарското знаме во државна амбуланта во Пустец ова е преседант бидејќи е државна инситуција каде живе македонско население призната од албанска држава.

Секому е јасно дека бугарската држава со години врши невиден притисок врз Македонците во Република Албанија.

И на Македонците низ цела Република Албанија им е јасно дека акцијата за бесплатни прегледи треба да биде дополнителна мамка за населението во областа Преспа за негово изјаснување како Бугари.

Македонското друштво “Илинден“-Тирана изразува жалење што највисоките личности на албанската држава дозволуваат да бидат уценувани од бугарските политички лица за сметка на Македонците во Република Албанија и што потклекнуваат пред тие уцени. При тоа, цената на уцените од Софија, врз политичкиот врв на нашата држава ја плаќа македонското население.

Македонското друштво “Илинден“-Тирана ги повикува албанските и европските институции, да се позанимаваат со суровото и бескрупулозно нафрлање на бугарските емисари врз македонците во Република Албанија.

Напомнуваме, дека досегашното нереагирање од страна на државните институции за заштита на сопствените државиани, доведе до крајно дрски и насилнички атаци врз Македонците во Република Албанија.

## ПОЧИНА СЛАВИЦА ГАЏОВА СВИДЕРСКА, ПРОФЕСОРКА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ЛЕКТОРАТОТ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТИРАНА (1984-2025)



Почина Славица Гаџова Свидерска, професорка по македонски јазик на Лекторатот по македонски јазик на Факултетот за странски јазици при Универзитетот во Тирана (1984-2025).

Славица Гаџова Свидерска родена во 1984 во Битола — македонски поет, преведувач, есеист, теоретичар на книжевноста, доктор на филолошки науки.

Славица Гаџова Свидерска живее и работи во Битола. Докторирала на Филолошкиот факултет „Блаже Конеки“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Се занимава со проучување на односите меѓу книжевноста, дискурсите на моќта и политичкото насилство.

Нејзината поезија е преведувана на англиски, кинески, српски, хрватски, босански, чешки, словачки, турски и албански јазик.

Член е на Друштвото на писатели на Македонија, главен уредник на издавачката куќа „Восток“.

Нека ѝ е вечна славата и спомен

## ТЕЛЕГРАМА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА СО СОЧУСТВО ДО СЕМЕЈСТВОТО НА СЛАВИЦА ГАЏОВА СВИДЕРСКА




По смртта на Славица Свидерска професорка по македонски Факултетот за странски јазици при Универзитетот во Тирана, телеграма со сочувство до семејството испрати и Македонско друштво “Илинден”-Тирана.

Дозволете ми, во името на Македонско друштво “Илинден”-Тирана и во свое лично име и во име на македонското национално малцинство во Република Албанија искрени сочувство до вас членовите на фамилијата.

Смрта на Славица Свидерска е голема загуба за вашето семејство, но и за Македонците во Албанија на кои таа им посвети дел од својот професионален ангажман.

Македонско друштво “Илинден”-Тирана изразува најискрено сочувство кон членовите на семејството.

Бог да го прости и на неговата душа нека и’ дари Царство небесно каде што почиваат душите на праведниците.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОБИ ВЕРСКИ КАЛЕНДАРИ ОД МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА – ОХРИДСКА АРХИЕПИСКОПИЈА ЗА МАКЕДОНЦИТЕ ВО АЛБАНИЈА




Македонското друштво “Илинден”-Тирана доби верски календари за 2026 лето Господово, кои бесплатно ќе бидат распределени на Македонците во Република Албанија.

Во име на Македонско друштво “Илинден“-Тирана и на Македонците голема благодарност до Македонската православна црква - Охридска Архиепископија и архиепископот г.г. Стефан што и годинава доделува одреден број верски календари за кои постои се поголем интерес меѓу Македонците.

Како Друштво, веќе неколку години по ред, добиваме бесплатни верски календари од МПЦ - ОА, кои потоа им се распределуваат на Македонци во Албанија. Од мое лично име, од име на Друштвото и на Македонците искажувам голема благодарност за МПЦ - ОА на поглаварот г.г. Стефан за покажаната добра волја да им подари на Македонците од Албанија дел од своите верски календари, рече Ѓурѓај за Македонски весник “Илинден”. Додава дека интересот меѓу Македонците од година во година е се поголем и посочува дека календарите веќе се достапни а за да се добие календар треба само да се контактира со Друштвото.

## МАКЕДОНСКА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА: НЕМА ДА ЗАМОЛЧИМЕ ПРЕД БУГАРСКИТЕ МАНИПУЛАЦИИ




Македонска алијанса за европска интеграција (МАЕИ) ги отфрла како неосновани и тенденциозни обвинувањата изнесени во написот „Бугарскиот прстен околу Македонија – Македонците во паника – Бугарија го топи нивното население на два фронта“, објавен на бугарскиот интернет-портал „Буревесник.бг“. Станува збор за класична медиумска манипулација со цел замолчување на македонските активисти во Албанија.

Во текстот директно се напаѓаат претседателот на МАЕИ, Васил Стерјовски, потпретседателот Ефтим Митрефски, како и членот на Централниот

комитет, Никола Ѓурѓај. Овие написи претставуваат продолжение на долгогодишната политика на Бугарија за негирање на македонската нација и македонскиот идентитет.

Македонска алијанса за европска интеграција со години доследно се бори против агресивната политика на Бугарија во Албанија, насочена кон асимилација на македонското национално малцинство. Таквата политика, која користи методи од 19 век, е спротивна на европските вредности и основните човекови права. Реакциите на МАЕИ не се говор на омраза, ниту израз на нетрпеливост кон бугарскиот народ, туку легитимна и демократска борба за заштита на македонскиот идентитет и правата на Македонците во Албанија. Бранењето на сопствениот идентитет како Македонец не значи „бугаромразство“.

За изнесените манипулации и клевети, МАЕИ ќе поднесе тужба за клевета пред бугарските судови против интернет-порталот буревесник.бг и новинарот Петар Стефанов.

И покрај притисоците со кои сме постојано соочени – преку разни методи, монтирани тужби пред албанските судови и други обиди за заплашување – Македонска алијанса за европска интеграција ќе продолжи одлучно да се бори против негацијата на македонскиот идентитет од страна на бугарските оркестрирани структури, како во Албанија, така и во европските институции.

## ЃУРЃАЈ: ИЗВЕШТАЈОТ НА ФУЕН Е ДЕСЕТГОДИШЕН ТРУД НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА



Мерлива потврда за резултатите од интернационализацијата на македонското прашање. Последниот извештај на ФУЕН е кулминација на посветен, систематски и стратешки десетгодишен труд и јасен доказ дека упорноста, професионализмот и локалната организациска способност на македонското друштво “Илинден“-Тирана може да преминат во меѓународно признание.

Федералната унија на европски националности (ФУЕН) постојано се залага за унапредување на правата на припадниците на македонскиот народ во Албанија, настојувајќи да ја подигне свеста за положбата на Македонците, повикувајќи на правда, законско признавање и заштита од дискриминација. Потврда за тоа е и фактот дека во изминативе осум години Конгресот на ФУЕН усвои шест резолуции, предложени од членката македонско друштво “Илинден“-Тирана, во поддршка на нивните правични барања за почитување и заштита на правата предвидени со Рамковната конвенција на Советот на Европа за заштита на националните малцинства, чиј потписник е Албанија.

Федералната унија на европски националности (ФУЕН) функционира како платформа што ги трансформира локалните искуства на малцинствата во елементи на европска политичка дебата. Интеграцијата на проблемите на македонското малцинство во агендата на таква институција значи дека темите ќе влезат во дипломатски канали, мониторинг-мрежи и академски анализи, со што се зголемуваат нивната релевантност и неизбежност. Оваа статија и резолуција за македонската заедница во Албанија означува премин од изолирана локална борба кон системско барање права, кое добива континуирана надворешна ревизија и поддршка – велат наши соговорници упатени во работата на ФУЕН.

Последниот извештај на ФУЕН е кулминација на посветен, систематски и стратешки десетгодишен труд и јасен доказ дека упорноста, професионализмот и локалната организациска способност на македонското друштво “Илинден“-Тирана може да преминат во меѓународно признание.

Извештајот ја претвора приватната и локална неправда во јавна и институционална тема, со што се зголемува политичката цена на неактивноста од страна на албанските власти. Со акцентот на неисполнети подзаконски акти и нееднаква примена на постојните закони, се создава конкретна база за барања и мониторинг. Документот им овозможува на меѓународните партнери да бараат конкретни мерки и да го вклучат проблемот во извештаите и препораките до Албанија. Претворањето на локалните прашања во формален текст на ФУЕН ги собира и уредува барањата, што ја олеснува комуникацијата со донатори, медиуми и институции.

Видливоста на меѓународното признание дејствува мотивирачки за активистите и заедницата, поттикнувајќи нови генерации да продолжат со застапувањето. Препораките од ФУЕН им додаваат кредибилитет на барањата и ја прават тешка за игнорирање фактоснованата аргументација во дијалогот со албанските власти. Последниот извештај и претходните резолуции создаваат повисок степен на надзор и очекување. Од друга страна, бидејќи македонскиот идентитет добива меѓународно признание, младите

луѓе се поттикнуваат да останат и да инвестираат во македонската заедница во Албанија - истакнува Никола Ѓурѓај, претседател на македонското друштво "Илинден"-Тирана.

На овој начин се дава и дополнителна потврда со која организацијата "Илинден"-Тирана се означува како доверлив и кредибилен партнер во европската мрежа на малцински организации. Со поддршка од ФУЕН, Македонско друштво "Илинден"–Тирана добива подобар пристап до канали за лобирање, техничка помош што ќе ја зајакне способноста за реален напредок во образованието, двојазичност и политичко учество.

Ова признание ги легитимира секојдневните напори на активистите и ги прави нивните напори дел од пошироко европска историја на заштита на малцинствата. Повеќе тела и мрежи ќе ги следат имплементацијата и исполнувањето на подзаконските акти, резултирајќи со појасни препораки и можно прашање на одговорност. Албанската влада ќе се соочи со зголемен притисок да ги спроведе законските одредби, да го унапреди образованието на македонски јазик и да ја спречи дискриминацијата. Извештајот може да послужи како пример и платформа за соработка меѓу малцински организации во регионот – објаснува Ѓурѓај, упатувајќи благодарност до ФУЕН.

Извештајот на ФУЕН претставува оперативен инструмент со директни импликации. Тој ги верификува искуствата на македонското малцинство, ги заострува механизмите за меѓународен мониторинг и го зајакнува капацитетот на националните организации да бараат промени. Истовремено е поттик за интензивирање на меѓународните комуникации, стратешкото користење на документот во преговори и конзистентна мобилизација на локалната заедница за да се префрлат правните гаранции во опиплива реалност за секојдневниот живот на Македонците во Албанија. Ова признание им дава на Македонците во Албанија причини за оптимизам и обновена верба дека нивните барања имаат вредност и поддршка на европско ниво.

## АВАНТУРИСТИЧКИ ПАРК ВО СТУДЕНО ОБЛАСТА ГОЛО БРДО НОВ ЧЕКОР ЗА ТУРИСТИЧКО ОЖИВУВАЊЕ НА ОБЛАСТА ГОЛО БРДО



Нов дух на развој доаѓа за планинскиот туризам во Либражд. Во срцето на природата на Студено областа Голо Брдо, се очекува да се изгради Авантуристички парк, проект што ќе го трансформира подрачјето во модерна дестинација за локални и странски посетители кои бараат емоции, спорт и уникатни искуства во природата. Проектот, поддржан од Општина Либражд, вклучува изградба на авантуристички комплекс со „зип лајн", панорамски балкон, астрономска опсерваторија и патеки за искачување и истражување, позиционирајќи го Студено областа Голо Брдо како една од најпосебните точки на активен туризам во Албанија.

Во срцето на планот е „Виа Ферата", планинарска патека посветена на ентузијастите за искачување, која ќе понуди можност за истражување на карпести формации во целосна безбедност. Патеките ќе бидат изградени во хармонија со природниот терен и со различни нивоа на тежина, така што секој посетител – од почетници до искусни алпинисти – може да го доживее возбудувањето од височините.

Меѓу главните атракции ќе биде Зип Лине над езерото Студено областа Голо Брдо воздушно искуство кое ќе им овозможи на посетителите да уживаат во спектакуларната панорама на областа од единствена перспектива. Проектот предвидува и изградба на лизгалиште, авантуристички парк со висечки мостови, јажиња и спортски патеки, како и создавање на Астрономска опсерваторија, која ќе служи како центар за набљудување ѕвезди и астротуристички активности. Во соработка со локалната заедница, планирано е организирање на Фестивал на астротуризам, кој ќе го промовира чистото небо и девствената природа на Студено областа Голо Брдо, претворајќи ја областа во омилена дестинација за туристите кои бараат нови и автентични искуства.

Локацијата на паркот е стратешка: Огромната површина, постојната инфраструктура и паркинг местата ја прават оваа област погодна за одржлив развој на туризмот. Општината има за цел да го комбинира природниот туризам со локалниот економски развој со овој проект, создавајќи работни места, поттикнувајќи семејно претприемништво и промовирајќи го природниот и културниот потенцијал на Либражд. Авантуристичкиот парк во Студено областа Голо Брдо не е само инвестиција во инфраструктура — тоа е инвестиција во иднината на албанскиот планински туризам, покана за адреналин, спокојство и коегзистенција со природата.

## ЗА ДЕВЕТ МЕСЕЦИ НА ГРАНИЧНИОТ ПРЕМИН ЏЕПИШТЕ – ТРЕБИШТЕ ОБЛАСТА ГОЛО БРДО МИНАЛЕ 36.938 ПАТНИЦИ ИЛИ 9 ОТСТО ПОВЕЌЕ СПОРЕДЕНО СО ЛАНИ




Во периодот јануари-септември годинава зголемена фрекфенција е регистрирана на граничниот премин Џепиште – Требиште областа Голо Брдо кој е втор премин на овој дел од границата, покрај ГП „Блато“.

На овој премин, кој е од регионален карактер, за девет месеци регистриран е вкупен проток на патници од 36.938 што е за 9 отсто повеќе споредно со истиот период минатата година, кога преку преминот минале 33.890 патници. Тоа значи дека ова е највисока фрекфенција до сега, Стефан Димоски, портпарол на Секторот за внатрешни работи-Охрид.

Од вкупниот број, македонски државјани кои оствариле влез/излез се 2.457, дедека 34.481 се албански државјани односно жители на областа Голо Брдо, бидејќи право да го користат, овој премин, имаат само жителите од граничниот регион, што подразбира оние од дебарскиот регион и областа Голо Брдо, од албанска страна.

Најголем проток на патници е забележан во месец август или 6.441 од нив домашни 448, и албански државани 5.993, поради доаѓањето на иселениците од областа во своите родни места.

Преминот беше отворен во мај 2013 година, во летниот период, односно од први април до 31 октомври, работи од 8 до 20 часот, додека во останатиот период, односно од 1 ноември до 31 март, од 8 до 18 часот.

Македонското друштво “Илинден“-Тирана, неодамна повторно го актуелизира барањето македонската и албанската Влада, да го реализираат договореното, на заедничката седница, одржана во Поградец на 15 декември 2017 година. Тогаш беше донесена одлука, овој премин да работи 24 часа, што според Друштвото, меѓу другото, ќе услови поголем број туристи да ја посетуваат областа, која располага со многу природни убавини и културно историски споменици.

## ПОЧНА СО РАБОТА СПЕЦИЈАЛНАТА СОБРАНИСКА КОМИСИЈА “ЗА АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНА РЕФОРМА“



Пратениците на Демократската партија не беа присутни на седницата за конституирање на оваа комисија, каде што опозицијата беше претставена само од претседателот на Партијата за сојуз и човекови права, пратеникот Ванѓел Дуле, и пратеникот на Партијата на слободата, Едмонд Хаџинасто.

На отворањето на седницата, копретседателот на оваа Комисија, пратеникот на Социјалистичката партија Арбјан Мазнику, ги прочита имињата на членовите на комисијата. Тој понатаму изјави дека денес „отвораме многу важно поглавје од административно-територијалната реформа“.

„Тоа е еден од најголемите предизвици што ги има земјата во многу аспекти, не само во однос на тоа како значително можеме да ги подобриме услугите што ги добиваат граѓаните на целата територија, туку и во уште поважен агол поврзан со интеграцијата во ЕУ.

„Ние сме пред вратата на ЕУ и, како што стана јасно, целта е да се затвори техничкиот процес на преговори до крајот на 2027 година, а потоа да се спроведе двегодишен процес, да се спроведе процесот на ратификација на договорите со земјите од ЕУ и тогаш Албанија ќе биде полноправна членка на ЕУ.

„Од тој момент, нашата територијална организација повеќе не е прашање што е едноставно поврзано со Албанија, туку е тесно поврзано со програмата за социјална кохезија на ЕУ, тесно е поврзано со низа програми на ЕУ поврзани со структурните фондови и тоа значително ќе влијае на тоа како земјата ќе се развива во следните 20-30 години“, рече Мазнику.

Според него, постоењето локални институции способни да функционираат во оваа рамка станува исклучително важен предизвик. „Ова ќе влијае на начинот на кој овие институции ќе обезбедуваат услуги и како ќе комуницираат со пошироката заедница, каде што Албанија ќе биде членка на ЕУ“.

Затоа, рече Мазнику, мора да се осигураме дека институциите на нашата земја се подготвени да бидат дел од Европската Унија.

„Процесот ќе бара секаков можен консензус. Сакаме да работиме најотворено, најоформено со сите политички сили во парламентот, но и со локалните актери, општините, регионите, избраните функционери во општинските совети низ целата земја, бизнисите, бидејќи треба да се консултираме со бизнис заедницата, Академијата итн. Покажавме подготвеност за интеракција со меѓународните институции, ЕУ и други“, рече Мазнику. Мазнику рече дека оваа реформа доаѓа по онаа од 2014 година, која според социјалистичкиот пратеник, била доста важна, носејќи позитивни ефекти за земјата.

„Во овие години, локалните буџети се дуплираа, па во споредба со 2014 година, износите на средства што општините ги имаат на располагање се двојно поголеми. Заостанатите обврски се намалија за 60%. Инвестициите се зголемија за 3 пати. Тежината на платите се намали од 70% на 43%. Сопствените приходи се зголемија тројно од 11 милијарди леки на 35 милијарди леки во 2023 година, јасен доказ дека целата локална самоуправа функционирала. Количината и квалитетот на услугите се зголемија“, рече Мазнику.

Според него, начинот на размислување на ЕУ почна да биде дел од работата на општините, кои добиваат и средства од Европската Унија. „Минатата година, вкупните средства повлечени од општините во земјата се приближија до 50 милиони евра, индикатор дека некои општини успеваат. Но, не сите ја достигнаа таа точка, поради што има некои општини кои имаат предизвици на кои треба да се справиме“, рече тој.

Мазнику рече дека демографијата се променила и, следствено, начинот на кој се обезбедуваат услугите треба да биде дериват на овие промени. „Податоците од пописот во 2023 година се важни податоци за разбирање на демографското движење и за тоа како треба да им обезбедуваме услуги на нашите граѓани“, рече тој.

Мазнику рече дека општините не треба да се гледаат само како одржувачи на патишта, осветлување на патиштата, чистење на другите градови, туку треба да бидат фактор во економскиот развој на нивната територија.

Копретседателот на Социјалистичката партија рече дека е потребна нова архитектура на локалната самоуправа за да одговори на географските и функционалните предизвици. „Ни требаат финансиски одржливи општини“, подвлече Мазнику. Тој додаде дека треба да се процени и напредокот на општините во дигитализацијата и иновациите.

„Ни требаат локални структури способни да одговорат на предизвиците што ја засегаат земјата во процесот на пристапување кон ЕУ“, додаде тој.

Конечно, Мазнику ја повтори посветеноста на мнозинството за соработка со опозицијата.

„Сакам да кажам дека секогаш ќе останеме отворени за соработка со опозицијата, што беше покажано на значаен начин со одговарање на барањата на опозицијата за време на процесот на формирање на комисијата. Жалам што членовите на ДП не беа на овој состанок. Се надеваме дека ова нема да биде проблем во иднина. Целта на оваа комисија не треба да биде решавање на политички проблем, туку административно-територијален проблем, да се обезбедат услуги од највисок квалитет низ целата земја. Треба да изградиме ефикасни механизми за граѓаните за следните 10-20 години“, рече тој.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола Ѓурѓај
Лектура: Естела Карамешиноска
Компјутерска обработка: Анита Милевска
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**

Македонска народна носија Мало Острени - Голо Брдо



Veshje popullore maqedonase Ostren i Vogël - Gollobordë